МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 91 став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015, 11/2016, 53/2016, 120/2016, 163/2016 и 74/2017), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ ПО МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## Член 1

Во Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/11, 80/13 и 35/16), по членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

## „член 3-а

Поблиски критериуми за избор на корисници за помош  на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност, согласно елементите на одобрениот деловен план, се следните:

- доколку инвестиција е наменета за земјоделско стопанство кое се наоѓа во населено место со надморска височина над 700 метри се доделуваат 5 бодови,

- доколку земјоделското стопанство е член во земјоделска задруга се доделуваат 10 бодови,

- доколку целта на инвестициите е набавка на опрема за преработувачки капацитети се доделуваат 30 бодови,

- доколку целта на инвестициите е набавка на опрема во постбербени активности се доделуваат 25 бодови,

- за висина до 25% сопствено учество во вкупниот износ на неопходните инвестиции се доделуваат 15 бодови,

- за висина над 25% до 50% сопствено учество во вкупниот износ на неопходните инвестиции се доделуваат 10 бодови и

- за висина над 50% до 100% сопствено учество во вкупниот износ на неопходните инвестиции се доделуваат 5 бодови."

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.10-5507/3

4 август 2017 година

Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Љупчо Николовски, с.р.